МАКЕДОНСКИ МЕДИЦИНСКИ ПРЕГЛЕД
СПИСАНИЕ НА МАКЕДОНСКОТО ЛЕКАРСКО ДРУШТВО

# 4-ти Македонски Конгрес по ОРЛ со меѓународно учество

# 4-th Macedonian ENT Congress with International Participation

# ЗБОРНИК НА АПСТРАКТИ

# ABSTRACT BOOK



Македонско лекарско друштво - Здружение на лекари по оториноларингологија на Р Македонија
Macedonian Medical Society - Macedonian Society of Otorhinolaryngology

1-4 Јуни / June 2017

Хотелски комплекс Метропол - Охрид
Hotel complex Metropol - Ohrid

ISSN 0025-1097
9 770025 109002

## P-39 SOCIAL DIMENSION OF SMOKING WITHIN YOUNG POPULATION

***R.Pejcinovska**, I.Brcina, G.Pejcinovski , P.Malinska, Sh. Musa, V. Fidanovska - Dobrosavljevic, Lj. Kostadinovski, M.Gjetaj-Jakoski, P. Simjanoski*

Center for Public Health - Skopje, General Hospital „8 September" – Skopje, Replek Farm Ltd Skopje

**Introduction:** According to the Strategy for Tobacco Control in order to provide and improve health protection of the population of the Republic of Macedonia, and a number of international documents, basic strategic directions are that the health is the most important investment in the social and economic development of the community, and epidemic of smoking presents an increasing threat to people's health.

It is considered that there are 1.3 billion smokers worldwide, and current projections of the WHO show that this number will rise to 1.7 billion smokers by 2025, if the global prevention of tobacco use remains unchanged.

**Objectives:** The goal of this research is to determine the knowledge and views of the young people in the Republic of Macedonia concerning the use of tobacco, its influence on the social environment as a certain socio-pathological phenomenon or risk factor for certain diseases of the people.

**Materials and Methods:** The survey was conducted in the following municipalities in the Republic of Macedonia: Centar, Karpos, Gazi Baba, Kisela Voda, Cair, Aerodrom, Gorce Petrov and Butel in the city of Skopje, then municipalities Prilep, Kumanovo, Struga and Gostivar.

Random sample. Target groups: young people at the age from 15 to 22. Research tools: a survey questionnaire no. 1. Subjects from sample were

divided into 2 groups: subjects who smoked and those who did not smoke. Following statistical tests were applied: Pearson Chi-square, Kolmogorov-Smirnov, Kruskal-Wallis ANOVA, Mann-Whitney, Spearmanov Rank Correlations, Pearson-ov koeficient na korelacija.

**Results:**Boys smoke significantly more than girls (X2= 13.3 df=1 p<0.0003). Among students smokers are significantly dominant (56.71%). Ethnic background of the young smokers/non-smokers corresponds with the population structure. Young people try their first cigarette at the age of 14-16 (r = .12744). Young people smoke everywhere (Dmax = 0.11 p>0.05). Young people smoke every day (86.59%). Young people usually smoke 5-10 cigarettes a day and they buy them at the news-stands. Young people in the R.M. rarely do sports (only 34.15%). Young people at the age of 15-20 usually smoke while they listen to music, while young people at the age of 21-22 usually smoke while they watch TV. More than half of the subjects think that the community they live in is a good place for living. Reasons for smoking are: habit, family problems, love problems, school, peer pressure, etc. There are no significant differences with regard to this question in municipalities.

**Conclusion:** In general, young people in Macedonia think that their peers who smoke are not well accepted by the community.

Young people in Republic of Macedonia are well informed on smoking as a social-pathological phenomenon, and also that smoking is a risk factor for certain diseases.

**Key words:** smoking, young people, social, medical, legislation.

## СОЦИЈАЛНИ ДИМЕНЗИИ НА ПУШЕЊЕТО КАЈ МЛАДИТЕ

***Р. Пејчиновска***, *И. Брчина, Г. Пејчиновски, П. Малинска, Ш. Муса, В. Фидановска Добросављевиќ, Љ. Костадиновски, М. Ѓетај Јакоски, П. Симјаноски*

Центар за јавно здравје Скопје, Општа болница,,8 септември" Скопје, Реплек Фарм ДООЕЛ Скопје

**Вовед:** Според Стратегијата за контола на тутунот заради обезбедување и унапредување на заштитата на здравјето на населението во Република Македонија и многубројните меѓународни документ, основните стратешки насоки се дека здравјето е најголемата инвестиција во општествено-економскиот развој на заедницата, а епидемијата на пушењето претставува растечка закана по здравјето на луѓето.

Се смета дека во светот има 1,3 милијарди пушачи, актуелните проекции на Светска здравствена Организација покажуваат дека овој број ќе се покачи на 1,7 милијарди пишачи во 2025 година, ако глобалната превенција на употребат на тутун остане непроменета.

**Предмет на истражување:** Целта на ова истражување е утврдување на знаењата и ставовите на младите во Република Македонија за пушењето, неговото влијание во социјалната средина како одредена социјално – патолошка појава или фактор ризик за одредени заболувања кај луѓето.

**Материјали и методи:** Подрачјето на анкетното истражување ги опфати следните општини во Република Македонија:Центар, Карпош, Гази баба, Кисела Вода, Чаир, Аеродром, Ѓорче Петров, и Бутел во градот Скопје, потоа општините Прилеп, Куманово, Струга и Гостивар.

Случаен примерок. Целни групи:млади на возраст од 15 до 22 години. Инструмент на истражување :Анкетен прачалник број 1. Испитаниците во примерокот се поделени на 2 групи: испитаници кои пушат и испитаници кои не пушат.

Применети се следните статстички тестовии: Pearson Chi-square, Kolmogorov-Smirnov, Kruskal-Wallis ANOVA, Mann-Whitney, Spearmanov Rank Correlations, Pearson-ov коефициент на корелација.

**Резултати:** Момчињата значајно повеќе пушат цигари од девојките ($X2= 13,3$ $df=1$ $p<0,0003$). Кај студентската младина значајно доминираат пушачите (56,71%).Национална припадност на младите пушачи/непучшачи кореспондира на структурата на населението. Младите најчесто првата цигара ја пробуваат од 14-16 години ($r = ,12744$). Младите пушат насекаде ($Dmax = 0,11$ $p>0,05$).

Младите пушат секој ден (86,59%). Младите пушат 5-10 цигари дневно и ги купуваат во трафика. Младите во Р. Македонија многу ретко спортуваат ( само 34,15%). Младите од 15 до 20 години најчесто пушат цигари со слушање на музика, додека младите од 21 до 22 години најчесто пушат цигари со гледање на телевизија. Повеќе од половина млади испитаниц кои ги анкетиравме сметаат дека заедницата во која живеат е добро место за живеење. Причините за нивно пушење се: навиките, проблемите во семејството, проблемите во љубовта, училиштето, затоа что нивните врсници пушат итн. Во однос на ова прашање не постојат значајни разлики по општините.

**Заклучоци:** Генерално младите во Република македонија сметаат дека нивните врсници кои пушат не се добро прифатени од заедницата.

Младите во Република Македонија се добро информирани за пушењето како социјално-патолошка појава, но и дека пушењето е фактор ризик за појавување на одредени заболувања.

**Клучни зборови:** пушење, млади,социолошки, медицински, легилатива.